ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
РВПП.бр.123/2024
26.03.2024 година
В Е Л Е С

Врз основа на чл. 97-а ст.3 и ст.4 од Законот за дополнување на Законот за возила (Службен Весник на РСМ бр.87 од 25.04.2023 година) Основен суд Велес, го објавува следниот

О Г Л А С

СЕ ИЗВЕСТУВААТ заинтересираните правни и физички лица дека на ден 22.03.2024 година поднесен е Предлог за утврдување сопственост на моторно возило Т1/трактор, марка NEW HOLLAND, тип TG285, комерцијална ознака TG285, идентификационен број на шасијата JAW126382, тип на мотор 6TAA8304, идентификационен број на мотор 46273498, година на производство: 2006, боја на возилото 91-сина, зафатнина на моторот 8300 cm3, силина на мотор 212,5 kw, број на седишта -1, од предлагачот Друштво за вработување на инвалидни лица за производство, трговија и услуги УНИ АГРО увоз-извоз ДОО Велес со седиште на ул.Живко Фирфов бр.63 во Велес.

Се повикуваат заинтересираните правни и физички лица во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот на огласната табла на Основен суд Велес, доколку имаат, да го докажат својот правен интерес за утврдување сопственички статус на истото погоре цитирано моторно возило.

Доколку по истекот на рокот од 30 дена заинтересираното лице писмено до судот не се обрати со докажување на својот правен интерес, судот во рок од 15 дена ќе донесе решенеие за легализација - утврдување на сопственички статус на возилото.

С у д и ј а
Валентина Петровска